Уп. бр. 08-82

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЕННА СОЛАР друштво со ограничена одговорност за советување и услуги, со регистрирано седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска, доставено преку Адвокат Ана Колевска, од Скопје, на седницата одржана на ден 02.07.2025 година, го донесе следното

# **Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ЕННА СОЛАР друштво со ограничена одговорност за советување и услуги, со регистрирано седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска, има намера да стекне директна контрола над друштвото ПВП Цепхеус С.Р.Л., друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на адреса 45Х Друмул Гура Путнеи, прв спрат, апартман 5, соба 1, Округ 3, Букурешт, Романија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 30.04.2025 година, а дополнето на 16.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на ЕННА СОЛАР друштво со ограничена одговорност за советување и услуги, со регистрирано седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска, со која ЕННА СОЛАР друштво со ограничена одговорност за советување и услуги има намера да стекне директна контрола над друштвото ПВП Цепхеус С.Р.Л., друштво со ограничена

одговорност со регистрирано седиште на адреса 45X Друмул Гура Путнеи, прв спрат, апартман 5, соба 1, Округ 3, Букурешт, Романија**,** по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ЕННА СОЛАР д.о.о.** се занимава со развој и инвестирање во постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори, како што се соларни и ветерни централи.

ЕННА СОЛАР д.о.о е дел од ЕННА групата. ЕННА е водечки инвеститор и еден од најбрзо растечките инвестициски групи во Хрватска, која е посветена на пружање на иновативни решенија кои поттикнуваат зелена трансформација и создаваат трајна вредност за партнерите и заедницата, како во енергетскиот сектор, така и во секторот на транспорт, односно логистика.

ЕННА СОЛАР д.о.о. е во 100% сопственост на ЕНЕРГИЈА НАТУРАЛИС д.о.о. за вложување и управување (ENERGIJA NATURALIS d.o.o. za ulaganje i upravljanje), кое е во сопственост на друштвото СУСТЕЈНАБЛ СОЛУШНС ХОЛДИНГ АГ (SUSTAINABLE SOLUTIONS HOLDING AG), чијшто сопственик пак е Павао Вујноваќ (Pavao Vujnovac) (“ПВ“).Павао Вујновиќ е краен сопственик и на ФОРТЕНОВА групата, која е присутна на пазарот во Република Северна Македонија преку Друштвото за производство, трговија и услуги МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје - во ликвидација, со седиште на ул. Огњан Прица бр. 1/3-28 мезанин, Скопје – Кисела Вода, со регистрирана приоритетна дејност: трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна пијалаци и тутун.

**ПВП Цепхеус С.Р.Л.,** е основано заради реализација на проект за изградба на фотоволтаична централа, при што Целното друштво е сопственик или носител врз целокупниот имот, договори, дозволи (и права кои се однесуваат на фотоволтаичната централа „Mihailesti-Bulbucata“, со придружните мрежни приклучоци и друга помошна инфраструктура, лоцирана во близина на Михаилести (Mhailešća), во округот Џурџу (Giurgiu), во Романија, со капацитет од 68,115 MW.

**ПВП Цепхеус С.Р.Л.,** нема присуство во Република Северна Македонија и не остварува приходи на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (б) од Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на

конкуренцијата, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**